НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БИТОЛА

2016

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Претседател на редакциски одбор:
Александар Литовски

Членови на редакциски одбор:
Зоран Алтипармаков
Викторија Момева Алтипармаковска
Ристо Палигора

Технички секретар: Владо Ѓоревски

Лектор: Каљопи Лутовска
Печати: Хераклi Битола

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

930.85(497.7)(082)

ЗБОРНИК на трудови. 19 / [уредник Александар Литовски]. - Битола : НУ Завод и Музеј Битола, 2016. - 200 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4754-09-1

а) Македонија - Културна историја - Зборници
COBISS.MK-ID 101849354

Содржина:

**Д-р Александар Литовски**, Ставовите на Ренос Михалеас за македонското национално прашање во 1944 година....................7-15

**Д-р Роберто Трајковски**, Активностите за формирање на 21. планинска дивизија СС „Скендербег“ според документацијата од архивата на „Волфганг Воперсал“...............................................................17-28

**Д-р Лидија Ѓурковска, Габриела Топузовска**, Трговско-индустриската комора во Скопје во периодот меѓу двете светски војни...................................................................................... 29-39

**Д-р Александар Симоновски**, Народноослободителните одбори во административната единица Битолска околија (1945) .............. 41-46

**Рубинчо Белчевски**, Монументален меморијален комплекс ,,Парк на Револуцијата“-Прилеп - Алеја на Народните херои - Могила на Непобедените - Споменик Жена - борец...............................................................47-57

**Д-р Катерина Мирчевска**, Љубица Јанчева, Скопскиот земјотрес низ страниците на весникот „Нова Македонија“: помошта на Битола за Скопје.......................................................................................59- 66

**М-р Стојанче Костов**, Фолклорниот фестивал Илинденски денови низ видеата на американскиот фолклорист Роберт Хенри Либман.........................................................................67-73

**Д-р Мери Стојанова**, Обреден циклус на празнување за Ѓурѓовден во Преспа........................................................................ 75-83

**Горан Василевски**, „Тајане Бојане имам брат Свети Јоване“...... 85-93

**Бранко Ѓорѓиев**, Тајната патна мрежа на Македонската револуционерна организација во Струмица и Струмичко........... 95-105

**Илија Ристески**, Руралната градителска традиција од прилепскиот крај во контекст на класичната архитектура и култура - низ историската ретроспектива и сегашност............................................. 107- 120.

**Душко Темелкоски**, Гробници издлабени во карпа на локалитетот „Сурун“ кај Горно Село.............................................................. 121-130

**М-р Оливера Макриевска**, **Јовица Богоев**, Применетата техника и технологија кај историските слоеви на ѕидното сликарство во џамиите Исхак Челеби и Гази Хајдар Кади од XVI век во Битола..................... 131-145

**Владо Ѓорески**, Ликовното творештво на Стојан Апчевски....147-175

**Биљана Темелкоска**, Издавачката дејност на НУ Завод и музеј - Прилеп.......................................................... 177-188.

Почитувани читатели!
Почитувани колеги!

Повторно, по деветнаесетти пат, пред вас се наоѓа новиот број на „Зборникот на трудови“ на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола. Ова наше стручно и научно списание со долга традиција ви презентира изворни материјали или нови сознанија, кои се научно и стручно валидни и издржани и кои ќе придонесат за подобро разбирање на некои сегменти од областите на кои се однесуваат.

Во овој број, поместени се петнаесет прилози од разни стручни области и од колеги и колешки вработени во разни научни и стручни институции на Република Македонија. Сите прилози кои пристигнаа беа рецензирани пред да се објават во „Зборникот на трудови“ од компетентни стручни лица.

Во овој осумаесетти број во нашето списание поместуваме еден in memoriam за наш прерано починат колега.

И во оваа прилика, како и неколкупати претходно, повторно се обраќаме до сите колеги од сродните стручни институции, а и до сите научни работници во Република Македонија кои работат на теми кои се од сферата на заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологијата, етнологијата, фолклористиката, историјата, археологијата, историјата на уметноста, во иднина слободно да се пријават со свои научни и стручни трудови и да ја збогатат содржината на нашиот „Зборник на трудови“. Секако, Редакцискиот одбор, а пред сè претседателот и техничкиот секретар, стојат на располагање во текот на целата година со цел да разјаснат евентуални нејаснотии и да ги прифатат испратените стручни трудови.

Претседател на Редакцискиот одбор

д-р Александар Литовски

Директор

Зоран Алтипармаков

**Александар СИМОНОВСКИ,***

# НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ОДБОРИ ВО АДМИНИСТРАТИВНАТА ЕДИНИЦА БИТОЛСКА ОКОЛИЈА (1945)

***Апстракт:*** Во трудот е даден преглед на формираните народноослободителни одбори во административната единица Битолска околија. Трудот, главно се темели на објавени архивски документи.

***Клучни зборови:*** Македонија, административна единица, Битолска околија, селски народноослободителни одбори, општински народноослободителен одбор

Во текот на Втората светска војна, на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), на 2 август 1944 година, Македонија била конституирана за држава во рамките на федеративна Југославија. На Првото заседание на АСНОМ биле донесени 9 решенија меѓу кои било и Решението за прогласувањето на АСНОМ за законодавно и извршно претставничко тело и највисок орган на државната власт во Македонија. Својата законодавна и извршна власт АСНОМ ја спроведувало преку извршниот орган Президиумот.

Основните задачи на Президиумот на АСНОМ произлегувале од потребите и од карактерот на Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија (НОАВМ), како и од околностите што настанале по ослободувањето на Македонија. Активностите биле насочени кон создавање услови за поуспешен развој на НОАВМ, приведување на нејзиниот крај кон победа над окупаторот и кон уредување на системот од органи на власта во македонската држава.[1] Президиумот пристапил кон административно-територијална поделба на Македонија со цел во политичко-територијалните целини да се организираат народноослободителни одбори (НОО-и).[2] Тие НОО-и требале да бидат органи „на државната власт на федерална Македонија во демократска и федеративна Југославија“.[3]

На одржаната седница на Президиумот на АСНОМ од 6 август 1944 година, во с. Рамно (Кумановско), било донесено решение за поделба на

* Доц. д-р Александар Симоновски, научен соработник, Институт за национална историја, ул. „Григор Прличев“ бр. 3, 1000 Скопје, е.пошта: a.simonovski84@yahoo.com.

[1] Новица Вељановски, *Административно-централистичкиот период во државноправниот развој на Македонија (1945-1953)*, ИНИ, Скопје 1992, 81.

[2] *Истото*, 83.

[3] *Зборник на документи од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ)*, редакција Александар Т. Христов, Миле Тодоровски, ИНИ, Скопје 1964, 404.

Македонија на области, околии и општини. Македонија била поделена на 4 области: Скопска, Битолска, Штипска и Кичевско-дебарска. Областите натаму се делеле на околии и општини.[4] Со решението на Президиумот на АСНОМ од 21 октомври 1944 година поделбата била изменета. Била укината Кичевско-дебарската област, а Македонија била поделена на 3 области: Скопска, Битолска и Штипска.[5]

Во овој труд се осврнуваме на формираните НОО-и во административната единица Битолска околија во 1945 година (до 8 јануари). Битолската околија припаѓала во административната единица Битолска област.[6] Во Битолската област највисок по ранг народноослободителен одбор (НОО) бил Битолскиот обласен НОО.

Територијалната надлежност на Битолскиот околиски НОО била во согласност со административно-територијалната поделба на Македонија на области, околии, општини и села. Според организациската поставеност, Битолскиот околиски НОО бил составен од пленум, извршен одбор, претседателство, секретаријат и оддели.[7]

Во упатениот извештај на Битолскиот околиски НОО од 8 јануари 1945 година до Битолскиот обласен НОО, меѓу другото, има и податоци за формираните НОО-и во административната единица Битолска околија. Бидејќи извештајот бил датиран на 8 јануари 1945 година, одлучивме НОО-и во административната единица Битолска околија да ги датираме во 1945 година (до 8 јануари). Тоа значи дека за тие НОО-и даваме преглед според состојбите какви што Битолскиот околиски НОО ги упатил до Битолскиот обласен НОО.

По ослободувањето на Битолската околија од окупаторските власти, на конференции и митинзи наполно била организирана новата власт. Во сите села кои припаѓале на административната единица Битолска околија биле формирани селски НОО-и. Во нив влегле луѓе кои уживале најголема доверба и чест во селото, како и луѓе од сите национални малцинства. Во однос на внатрешната организација и во зависност од тоа за кој селски НОО се

---

[4] *Административно-територијални поделби во Македонија 1944-2004, документи*, избор и редакција проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, проф. д-р Тодор Чепреганов, Стојан Аврамовски, ИНИ, Скопје 2007, 59.

[5] *Истото*, 60.

[6] *Зборник на одбрани документи за историјата на Битола и Битолско 1941-1945, том I, документи за создавањето и развојот на органите на народната власт во Битола и Битолско 1944 -1945, книга I, Битолски обласен народноослободителен одбор 1944*, избор, редакција и коментари Александар Крстевски и др., Историски архив-Битола – Општински одбор на СЗБ од НОВ-Битола, Битола 1984, XX, 95.

[7] *Зборник на одбрани документи за историјата на Битола и Битолско 1941-1945, том I, документи за создавањето и развојот на органите на народната власт во Битола и Битолско 1944-1945, книга II, Битолски околиски народноослободителен одбор 1944-1945, Градски народноослободителен одбор 1944-1945*, избор, редакција и коментари: Александар Крстевски-Кошка и др., Историски архив-Битола – Општински одбор на СЗБ од НОВ-Битола, Битола 1985, XI-XV.

работело, функциите во селските НОО-и биле поделени на претседател, потпретседател, секретар, благајник и член.[8]

Селските НОО-и во 15-те општини на Битолската околија биле формирани и организирани на следниот начин.

1. Селски НОО-и во **Бачката општина:** Бач, Гермијан, Живојно, Совиќ и Добровени.

2. **Буковска општина:** Буково, Скочивир, Брод, Велесело, Гнилеш, Бистрица, Кравари, Оптичари и Поешево.

3. **Велушинска општина:** Велушина, Драгош, Граешница, Барешани, Лажец, Острец, Христифор,[9] Орехово, Злокуќани, Олевени, Породин, Канино, Жабени и Кишава.

4. **Дедебалска општина:** Дедебалци, Далбеговци, Црничани, Алинци, Путурус и Ношпал.

5. **Ивањевска општина:** Ивањевци, Српци,[10] Беранци, Вашарејца, Радобор, Добрушево, Трап, Долна Чарлија, Мојно, Мусинци, Будаково, Лознани, Ново Село, Подино, Свето Тодори и Трновци.

6. **Кременичка општина:** Кременица и Меџитлија.

7. **Кукуречанска општина:** Кукуречани, Раштани, Крклино, Драгарино, Древеник, Долно Егри, Средно Егри, Старо Змирново, Драгожани, Секирани, Ново Змирново и Црнобуки.

8. **Могилска општина:** Могила, Карамани и Трн.

9. **Новачка општина:** Новаци, Суводол, Добромири, Горно Агларци, Долно Агларци, Тепавци, Горно Оризари, Долно Оризари, Гнеотино, Балдовенци, Биљаник, Мегленци, Орехово,[11] Грумази, Паралово и Рибарци.

10. **Старавинска општина:** Старавина, Градешница, Будимирци, Зовиќ и Груништа.

11. **Смилевска општина:** Смилево, Обедник, Боиште, Метимир, Свиниште, Лесково и Церово.

12. **Цапарска општина:** Цапари, Српци, Ротино и Рамна.

13. **Црновска општина:** Црновец, Слепче, Лопатица, Габалавци, Лисолај и Муграшево.[12]

14. **Ѓаватска општина:** Ѓавато, Маловиште, Гопеш, Кажани, Доленци и Лера.

15. **Диховска општина:** Дихово, Лавци, Брусник, Нижеполе, Снегово, Братин Дол и Трново и Магарево.[13]

По избирањето на селските НОО-и, на општи конференции биле избрани општинските НОО-и. Нив, исто така, ги сочинувале луѓе кои

---

[8] *Истото*, 70-86.

[9] Авторот не го утврди селото.

[10] Долно Српци.

[11] Долно Орехово.

[12] Демир Хисар.

[13] *Зборник на одбрани документи за историјата на Битола и Битолско 1941-1945, том I..., книга II...*, 71-86.

уживале најголема доверба и чест во селото. Општинските НОО-и биле формирани во следниот состав.[14]

1. **Општински НОО с. Бач:** претседател – Пандил В. Тацевски, потпретседател Вангел Ј. Димовски, секретар – Петар К. Танески, членови – Пандил А. Враговски и Бошко И. Николовски.

2. **Општински НОО с. Буково:** претседател – Георги Т. Мирчевски, потпретседател – Теодосие Н. Стојковски, секретар – Пандо Н. Прчевски, членови – Спасе Р. Јанкулоски, Лутви Н. Бајрам, Крсте Р. Размовски, Михаило Т. Попоски, Васил Ј. Глигороски и Тодор Спироски.

3. **Општински НОО с. Велушина:** претседател – Јован Пачовски, потпретседател – Атанас Темелковски, секретар – Атанас С. Димитровски, членови – Јован Цветаноски, Лазо Лисано, Димко Чикаровски, Живан Аржановски, Илија Јајовски, Јован Цветановски, Вело Василевски, Ристо Ташковски и Спасе Гецовски.

4. **Општински НОО с. Дедебалци:** претседател – Мирче Т. Поповски, потпретседател – Рамиз С. Ајредин, секретар – Богоја Т. Петровски, членови – Ламбе К. Гужовски, Јован Трифуновски, Илија Г. Грујовски, Стојче Т. Стојановски, Крсте И. Ристески, Вангел Г. Божиновски, Тодор Пецаковски, Цветан Гроздановски, Ристе С. Китановски и Стојан Р. Буцковски.

5. **Општински НОО с. Ивањевци:** потпретседател – Васил Г. Димовски, секретар – Дончо Поревски, благајник – Георги Н. Поповски, членови – Ангеле С. Смилески, Никола Б. Христовски, Трајан Н. Новачевски, Дончо Т. Стојчевски, Момир П. Димчевски, Ридвај А. Селим и Адил Т. Исмаил.

6. **Општински НОО с. Кременица:** претседател – Томистакли Д. Јосифовски, потпретседател – Ибраим Р. Субри, секретар – Ислаим Р. Рушан, членови – Филип Н. Ристески, Џабир Салим, Мурат Таир, Велјан Н. Василески и Крсте Јошевски.

7. **Општински НОО с. Кукуречани:** претседател – Коле Х. Николоски, потпретседател – Трајан К. Ширија, секретар – Неделко К. Петровски, благајник – Крсте П. Нелкоски, членови – Блаже Тодороски, Ризан Д. Размовски, Ферзо И. Амед, Никола Трајановски, Тасе Р. Гавазо и Цветан М. Моневски.

8. **Општински НОО с. Могила:** претседател – Трајан Нешески, потпретседател – Митре Шемо, секретар – Ценко Божиноски, благајник – Вангел Шурбески, членови – Илија Шурбески, Ангеле Шиески и Георги Крстески.

9. **Општински НОО с. Новаци:** претседател – Андон З. Матоски, потпретседател – Видан Лацовски, секретар – Илија Араковски, благајник – Темелко Милошевски, членови – Мицо И. Попоски, Наум Т. Мошевски, Целе А. Шиндевски, Паскали Н. Стојчевски, Најдо Р. Стојковски, Блаже Б.

[14] *Истото*, 86-88.

Марковски, Тале Т. Трајчевски, Митре Т. Димовски, Гроздан С. Митревски, Гроздан Ц. Марковски и Дончо Г. Митревски.

10. **Општински НОО с. Старавина:** претседател – Никола М. Богданоски, секретар – Леонида С. Стојковски, благајник – Илија Р. Стојчевски, членови – Јован С. Босејовски, Стојан К. Митревски, Никола П. Митревски и Трајко М. Недановски.

11. **Општински НОО с. Смилево:** претседател – Веле П. Даскаловски, потпретседател – Риза С. Фаик, секретар – Цветко Р. Соклевски, благајник – Илија К. Кузмановски, членови – Симон Т. Петровски, Гоце Најденовски, Јордан А. Siљановски и Филип И. Христовски.

12. **Општински НОО с. Цапари:** претседател **–** Симон Керемелевски, потпретседател – Никола П. Лазаровски, секретар – Вангел С. Велевски, членови – Ристо Д. Радуловски и Вангел Базгаловски.

13. **Општински НОО с. Црновец:** претседател – Доне К. Шатески, потпретседател – Коста Н. Марковски, секретар – Теофил К. Попоски, членови – Коста Лутовски, Гоце Георгиевски и Блаже Наумоски.

14. **Општински НОО с. Ѓавато:** претседател – Георги Јуруковски, потпретседател – Спиро Герасимовски, секретар – Крсте Г. Илиевски, членови – Митре Н. Четаловски, Коле И. Ивановски, Димитри Шитовски и Коста Д. Наумовски.

15. **Општински НОО с. Дихово:** претседател – Сотир Наковски, потпретседател – Ило Мајриковски, секретар свешт. Спасе Попоски, членови – Андон Стерјовски, Трајко И. Поповски, Јанко Дуковски, Христо Котески и Маскут Садик.

**Резиме**

По конституирањето на македонската држава на Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944), Президиумот на АСНОМ извршил административно-територијална поделба на Македонија со цел во политичко-територијалните целини да се организираат народноослободителни одбори. Тие требале да претставуваат органи на власта на федерална Македонија во федеративна Југославија. Народноослободителни одбори во административната единица Битолска околија биле Битолскиот околиски народноослободителен одбор, општинските и селските народноослободителни одбори.

**Summary:**

After the constitution of the Macedonian state at the First Assembly of ASNOM (August 2, 1944), the Presidium of ASNOM realized administrative-territorial division of Macedonia in order to be organized National Liberation Committees in the political-territorial units. They should be authorities of federal Macedonia in federal Yugoslavia. National Liberation Committees in the administrative unit of the district of Bitola were the National Liberation Committee of the District of Bitola, the municipal and the rural National Liberation Committees.

## Извори и литература

- *Административно-територијални поделби во Македонија 1944-2004, документи,* избор и редакција проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, проф. д-р Тодор Чепреганов, Стојан Аврамовски, ИНИ, Скопје 2007.

- *Зборник на документи од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ),* редакција Александар Т. Христов, Миле Тодоровски, ИНИ, Скопје 1964.

- *Зборник на одбрани документи за историјата на Битола и Битолско 1941-1945, том I, документи за создавањето и развојот на органите на народната власт во Битола и Битолско 1944 -1945, книга I, Битолски областен народноослободителен одбор 1944,* избор, редакција и коментари Александар Крстевски и др., Историски архив-Битола – Општински одбор на СЗБ од НОВ-Битола, Битола 1984.

- *Зборник на одбрани документи за историјата на Битола и Битолско 1941- 1945, том I, документи за создавањето и развојот на органите на народната власт во Битола и Битолско 1944-1945, книга II, Битолски околиски народноослободителен одбор 1944-1945, Градски народноослободителен одбор 1944-1945,* избор, редакција и коментари Александар Крстевски-Кошка и др., Историски архив-Битола – Општински одбор на СЗБ од НОВ-Битола, Битола 1985.

- Велјановски Новица, *Административно-централистичкиот период во државноправниот развој на Македонија (1945-1953),* ИНИ, Скопје 1992.